# ПРОГРАМА

## за Куп на Македонија 2023 - дисциплина Пливка
## во категорија Сениори

Согласно усвоениот Календар и Пропозициите за Спортско-риболовни натпревари за 2023 година, ја објавуваме програмата за Купот на Македонија 2023 во дисциплина пливка, во категорија Сениори.

**Организатор на натпреварот**: Македонската Риболовна Федерација и Натпреварувачката комисија за дисциплина Пливка.

**Место на одржување:** Езеро Пишица, село Пишица - Пробиштип
**Термин:** 08.10.2023 (недела)
**Пријавување:** Заклучно со петок 06.10.2023 до 14:00 часот.

Право на учество на Купот на Македонија имаат сите РЗК со една или повеќе екипи, доколку навремено се пријават, ја уплатат годишната членарина и котизацијата од 1.500 денари за овој натпревар.

Уплата за котизација и спортски легитимации на:
**Ж-сметка:** 300 0000001910-29 **Депонент:** Комерцијална Банка - Скопје

Екипите се составени од 3 (три) натпреварувачи, 1 (еден) резервен натпреварувач и 1 (еден) капитен на екипата. За утврдување на идентитетот, членовите на екипите задолжително треба да поседуваат Спортски легитимации за 2023 год.

На патеката се активни следните видови на риби: црвеноперка, карас, крап, костреж, клен, попадика, американско сомче и други видови. Дозволено е да се ловат сите видови риби без ограничување на големината.

Нема ограничување на риболовниот прибор и техниките на ловење.

**Саатница:**

**07.10.2023. (сабота)**
**08:00 – 18:00** Официјален тренинг

**08.10.2023 (недела)**
**До 07:15** Пристигнување и пријавување на екипите
**07:30** Извлекување на стартните позиции
**08:00** Пристап до стартните места
**08:40** Контрола на прихраната и мамките
**09:50** Тешка прихрана
**10:00** Почеток на натпреварот
**13:55** Пет минути до крајот на натпреварот
**14:00** Крај на натпреварот
**15:00** Соопштување на резултатите

Судиската комисија ќе го одреди потребниот број на судии.
Ви посакуваме богат улов и **БИСТРО** на сите учесници**!**

**Подготвено од Натпреварувачка комисија – Пливка**
**тел. 070 225 989** **Претседател,**
**Зоран Кожухаров**